Паметна заедница
Здружение за дигитален развој

ул. „Жан Кофол“ бр. 22
2330 Берово
info@pametnazaednica.mk
pametnazaednica.mk

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 239/22), Основачкото собрание на Здружението за дигитален развој „Паметна заедница“, на седницата одржана на 16.11.2026 година, донесе

ПРОГРАМА

за дејствување на Здружението за дигитален развој „Паметна заедница“ за 2026 и 2027 година

I. Во 2026 и 2027 година Здружението ќе ги спроведе следните активности:

1. Упис во Централниот регистар, отворање банкарска сметка, упис на вистинскиот сопственик и воспоставување сметководство.
2. Изработка на веб-страница на Здружението, на која ќе се објавуваат статутот, програмата, проектите и годишните извештаи.
3. Подготовка и поднесување предлог-проекти на јавни повици за граѓански организации, самостојно и во партнерство со други организации, меѓу другото и на повикот на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3).
4. Обуки и работилници за дигитални вештини за млади, жени, постари лица и граѓани од руралните средини.
5. Развој на отворени дигитални алатки од јавен интерес, во соработка со граѓански организации, училишта и локални заедници.
6. Дигитално документирање и промоција на културното и природното наследство и на туристичките потенцијали.
7. Волонтерска програма за млади што сакаат да ги развиваат своите дигитални вештини и да придонесат за својата заедница.
8. Соработка и вмрежување со граѓански организации, општини и институции во земјата и во странство.
9. Зголемување на бројот на членовите и на волонтерите.
10. Информирање на јавноста за работата на Здружението преку веб-страницата, социјалните мрежи и медиумите.

II. Активностите ќе се спроведуваат според можностите и средствата што Здружението ќе ги обезбеди од членарина, донации, грантови и други извори во согласност со закон.

III. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

Берово, 16.11.2026 година

Здружение за дигитален развој „Паметна заедница“
Застапник

Иван Чамовски